Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
бр. 02-785
04.11.2022 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 15 т. 10 од Статутот на ЈКП "Водовод" - Битолаи и член 27 од Деловникот за работа на У.О, Управниот одбор на ЈКП „Водовод" - Битола на седницата одржана на ден 04.11.2022 год. ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за период јануари - септември 2022 год.**

1. Се усвојува во целост Анализата за стопанското работење на ЈКП"Водовод" – Битола за период **јануари - септември 2022 год.**

2. Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за период јануари - септември 2022 год. е составен дел на оваа Одлука.

3. Составен дел на оваа Одлука е и Позитивното Мислење доставено од страна на Надзорниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола, во врска со Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за период јануари - септември 2022 год.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

5. Примерок од Одлуката да се достави до членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор на ЈКП „Водовоод" – Битола и потребните служби во ЈКП "Водовод" - Битола.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно законските прописи за материјално – финансиското работење на претпријатието, од страна на стручните служби при ЈКП „Водовод" – Битола, изготвена е Анализа за утврдување на материјално – финансиските резултати од работењето на ЈКП "Водовод" – Битола, за периодот јануари – септември 2022 год.

Управниот одбор на седницата одржана на ден 04.11.2022 год. разгледувајќи ја Анализата за стопанското работење на ЈКП "Водовод" – Битола за периодот јануари – септември 2022 год. а имајќи го во предвид и Позитивното Мислење доставено од Надзорниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола, истата едногласно ја усвои, при што одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА У.О.**

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" БИТОЛА

**Пеце Стојковски**